**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003 – 280/3**

**Скопје 19.06.2008 година**

**ДО**
**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ - СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Центарот за управување со кризи за 2007 година (во натамошниот текст Центарот), сметка за редовно работење, кои се прикажани на страните 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Центарот за 2006 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   ✓ Панде Лазаревски, директор на Центарот за управување со кризи

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 06/03/2008 до 15/04/2008 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*ул:”Маршал Тито”бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел:3 211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***

_________________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена  во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти:**

10.1.1. Според Законот за управување со кризи, Владата на Република Македонија има обврска да донесе процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката од сите ризици и опасности, заради планско, навремено и координирано донесување одлуки, насоки, и препораки за преземање мерки на превенција.
Процената треба да ја изработи Центарот и да ја достави на разгледување до Управувачкиот комитет, но до денот на ревизијата истата не е донесена, од причина што Владата на Република Македонија нема донесена Уредба со која треба да се пропише Методологијата за изработка на Процената.
Досегашното работење на Центарот во оваа област се заснива на сопствени поединечни искуства, сознанија и процени кои се користат во моментот на настанот, а не врз основа на критериумите неопходни за преземање мерки за превенција и најоптималното справување со кризна состојба.

**Препорака:**

Да продолжат активностите на Центарот во изготвување на измените на Законот за управување со кризи, заради дефинирање и процена на повеќе видови кризни состојби, како и иницирање до Владата на Република Македонија во донесување Методологија неопходна за Процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката.

10.1.2. Со Правилникот за систематизација на работните места предвидени се 364 работни места а пополнети се 260 или 71,4% од предвиденото, што значи дека предвидените работни задачи се извршуваат со помал број извршители кое неповолно влијае врз извршувањето на работните задачи предвидени во наведениот Правилник и Законот за управување со кризи.
За посебно одбележување се следните непополнети места:

- Советник за внатрешна ревизија, за кој се распишани неколку огласи но нема пријавено кандидати;
- Самостоен референт-сметководител, при што за ова работно место е ангажирано лице по договор за дело, со што се намалува степенот на одговорноста на


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

извршителот. Истата констатација се однесува и за други работни места кои се значајни а се пополнети со ангажирани лица по договор за дело.

- За одредени работни места предвидени се научни звања и сертификати со што лицата кои поседуваат високи научни титули и сертификати се доведуваат во привилегирана состојба.

Недоволната и несоодветната екипираност на Центарот ја доведува во прашање ефикасноста во извршување на функциите на Центарот.

**Препорака:**

а) Одговорното лице да го интезивира прашањето за пополнување на работните места за внатрешна ревизија и за материјално-сметководствени работи;

б) Секторот за нормативни и општи работи во актот за систематизација да предложи нови услови за работни места, во кои тежиштето ќе биде насочено кон стручноста и искуството.

10.1.3. Центарот има ангажирано лица по основ на договор за дело и за истите има исплатено 2.081 илјади денари. Извршените исплати се спротивно на одредбите од Законот за работни односи и Законот за агенциите за привремени вработувања, според кои при исплатата треба да се пресметаат сите даноци и придонеси преку Агенцијата надлежна за овој вид исплати. Според укажувањата од одговорните лица во Центарот, во минатиот период се поднесени барања до Министерството за финансии за вработување на нови лица, но до денот на ревизијата не е добиена согласност. Овој начин на вработување доведува до нецелосна исплата на придонесите од плата.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги интезивира активностите околу добивање согласност од Министерството за финансии за вработување на нови лица согласно наведените законски прописи.

**10.2. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата**

10.2.1. Согласно Одлуките на Владата на Република Македонија од 15/12/2005 и од 12/01/2006 за престанок и давање на користење на недвижни ствари, Центарот за управување со кризи има право на користење поголем број објекти во кои се сместени Центарот и регионалните центри. Овие објекти не се сметководствено евидентирани, за нив не се пресметува амортизација и како вонбилансна евиденција не се искажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со ствари на државни органи. При извршеното примопредавање на овие објекти, Центарот за управување со кризи, од страна на Министерството за одбрана нема добиено информации за вредноста на објектите, поради што нема основни податоци за нивно евидентирање. Во текот на 2007 година извршена е реконструкција на дел од градежните објекти во износ од 4.021 илјади денари, за кои не е даден третман на последователни издатоци и истите не се евидентирани како зголемување на објектите, од причина што ја подобруваат состојбата на објектите.

Центарот за управување со кризи не располага со имотни листови за градежните објекти кои се отстапени на користење, како доказ за дефинирање на сопственоста на истите. Одговорните лица во Центарот имаат поднесено барања до надлежниот орган заради обезбедување доказ за сопственоста на имотот, при што се обезбедени

имотни листови за имототот кој припаѓа на два регионални центри, додека постапката на останатите барања е во тек.
Непочитување на законските прописи придонесува за нереално и необјективно искажување на градежните објекти во финансискиот извештај Биланс на сосојба.

**Препорака:**

Одговорните лица во Центарот за управување со кризи да извршат проценка на вредноста на градежните објекти кои им се дадени на користење и иститe да се вклучат во вонбилансната сметководствената евиденција.

10.2.2. Во Билансот на состојба на 31.12.2007 година на позицијата Опрема искажана е состојба во износ од 27.793 илјади денари, при што ревизијата не беше во можност да се увери во вистинитоста и објективноста на искажаниот податок, од причина што со делбата со Министерството за одбрана во 2005 година, Центарот за управување со кризи има добиено опрема која според документацијата за извршеното примопредавање не располага со податоци за нивната набавна вредност, датата кога е извршена набавката и сегашната вредност. Поради тоа, опремата добиена од Министерството за одбрана не е сметководствено евидентирана, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со ствари на државни органи. Од страна на вработените во Центарот за управување со кризи добивме информации дека поголем дел од опремата е вон употреба.

**Препорака:**

Одговорните лица во Центарот да извршат проценка на сегашната вредност на опремата добиена од Министерството за одбрана, за кои не се добиени податоци за сметководствената вредност. Истовремено, да се процени техничката и физичката застареност на секоја поединечна опрема.

10.2.3. Во регионалните центри Скопје, Тетово, Кисела Вода, Гази Баба, Чаир, Пробиштип, Куманово и Кочани, Одлуката на Владата за делбен биланс меѓу Министерство за одбрана и Центарот за управување со кризи е само делумно извршена и не е завршен процесот на физичко примопредавање на градежните објекти (магацини) и опремата која се наоѓа во нив. Формирана е комисија за решавање на прашањата поврзани со делбениот биланс, меѓутоа до денот на ревизијата прашањата останаа нерасчистени. Нецелосно спорведениот попис на средствата е спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и влијае на нереално и необјективно искажување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Комисијата надлежна за решавање прашања поврзани со делбен биланс да ја интензивира соработката со Министерство за одбрана, заради целосно спроведување на Одлуката на Владата за делбен биланс помеѓу Министерството за одбрана и Центарот за управување со кризи.

10.2.4. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 Ревизорски докази и 505 Екстерни конфирмации од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирените обврски во вкупен износ од 1,510 илјади денари беа

испратени 10 конфирмации, кои опфаќаат 76,48% од обврските. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 6 комитенти (42,70 % од испратените конфирмации), од кои 5 конфирмации во износ од 462 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (40 % од испратените конфирмации), една конфирмација во износ од 31 илјада денари (2,7% од испратените конфирмации) не е потврдена, додека за 4 конфирмации во вкупен износ од 662 илјади денари (57,30 % од испратените кофирмации) не се добиени одговори.
Врз основа на изнесеното ревизијата не обезбеди доказ дека обврските спрема добавувачите во Билансот на состојба се реално и објективно искажани.

**Препорака:**

Субјектот да воспостави сметководствена политика за усогласување на побарувањата и обврските, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**10.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:**

10.3.1. Исплатени се средства во вкупен износ од 591 илјади денари (520 илјади денари надоместоци и 71 илјада денари персонален данок) како дневни трошоци и надоместоци на вработени, врз основа на решенија за работи кои не се совпаѓаат според видот на расположивите буџетски средства, и тоа за дежурства вон работно време, селидба на мебел во работни простории, учество во изготвување на апликација на софтверот во Центарот.
Извршените исплати се евидентирани како дневни и патни трошоци и за истите не се презентирани налози за службено патување, туку врз основа на решенија за исплата, со наведување на лицата, намената и износот на надоместокот, што е спротивно на Законот за извршување на буџетот за 2007 година, Колективниот договор и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Наведеното предизивикува до ненаменско користење на средствата, спротивно на планираните и одобрените средства во буџетот на Центарот.

**Препорака:**

Одговорното лице да обезбеди целосна имплементација на контролните постапки во делот на исплатата на буџетските средства, согласно позициите од буџетот на Центарот, за намените за кои претходно се планирани и обезбедени средства, поткрепени со соодветни сметководствени и друг вид документи.

11. Според наше мислење, освен точките 10.1, 10.2. и 10.3. финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба на Центарот за управување со кризи за 2007 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2007 година.

12. Според наше мислење, освен наодите во точката 10.3. остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи.

13. Вкупниот нето ефект од прифатените и спроведените корекции од страна на субјектот со извршената ревизија врз Билансот на состојба е:

- Зголемување на состојбата на сметката за Постојани средства за 551 ијада денари


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*
**Овластен државен ревизор**

- Зголемување на состојбата на сметката за Побарувања од работници за 65 илјади денари;
- Зголемување на состојбата на сметката за Изворите на средствата во вкупен износ од 551 илјада денари и
- Зголемување на состојбата на сметката за Други пасивни временски разграничувања за 65 илјади денари.

**14. Системска слабост:**

Владата на Република Македонија на 18.07.2007 година донела одлука со која е прогласена кризна состојба на територија на целата држава, заради пожарите од широки размери. Според добиеното писмено известување од Министерство за одбрана – Генерал штаб на АРМ од 11.07.2007 година, хеликоптерите за гасење пожар со кои располага АРМ се на 50 часовен технички преглед, така што Владата на Република Македонија дала согласност да се ангажира приватна фирма за гасење на пожари од отворен простор. Ангажирана е фирма која од Стопанска комора на Македонија има добиено потврда за единствен овластен субјект за дејноста авиотретирање на областите шумарство, земјоделство и заштита од комарци на територијата на Република Македонија. Оваа фирма можела да гаси пожари во почетна фаза, да локализира средни пожари, а кај големи пожари можела да кваси и да навлажува од страна.

За гасењето на пожарите во 2007 година потрошени се вкупно 10.430 илјади денари од кои 6.060 илјади денари се исплатени за ангажирање на авиони и 4.360 илјади денари исплатени се за авио гориво. Ревизорите не беа во можност да се уверат во вистинитоста на направените трошоци, бидејќи во презентираните информации од регионалните центри за управување со кризи, наведени се деновите кога и каде авиони дејствувале во гасење пожар, но не и времетраењето на летовите, со оглед на фактот дека фактурирањето е според часови на летање (еден час изнесува 41 илјади денари). Исто така, во Информацијата од Секторот за Операции и координација наведено е дека не е вршено увид за количината на потрошеното авио гориво.

Со правниот субјект кој учествувал во гасењето на пожарите со свои авиони и со субјектот кој го набавувал горивото за авионите не се склучени договори, од причина што според надлежните лица во Центарот за управување со кризи, согласно Законот за управување со кризи, Центарот е носител на вкупната поддршка (стручна, организациона и административна) на Управувачкиот комитет и Групата за процена и во дадената ситуација склучувањето договори било обврска на Дирекцијата за заштита и спасување.

Пренесувањето на надлежности на Центарот кои според законската регулатива припаѓаат на друг надлежен орган, може да предизвика несакани последици по безбедноста на Република Македонија и трошење на буџетски средства за кои не се воспоставени контролни постапки и процедури.

**Скопје, 18/06/2008 година** **Овластен државен ревизор**


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| **Трансфери и донации** | | |
| Трансфери и други нивоа на власт | 124,826 | 106,314 |
| **Вкупно приходи** | **124,826** | **106,314** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 74,378 | 62,567 |
| Резерви и недефинирани расходи | 10,522 | 68 |
| Стоки и услуги | 23,809 | 22,228 |
| Субвенции и трансфери | 1,625 | 901 |
| **Вкупно тековни расходи** | **110,334** | **85,764** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 14,492 | 20,550 |
| **Вкупно капитални расходи** | **14,492** | **20,550** |
| **Вкупно расходи** | **124,826** | **106,314** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ** — **во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 237 | 291 |
| Побарувања од вработените | 98 | 33 |
| Активни временски разграничувања | 8,880 | 5,165 |
| **Вкупно тековни средства** | **9,215** | **5,489** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 281 | 0 |
| Материјални средства | 28,063 | 21,352 |
| **Вкупно постојани средства** | **28,344** | **21,352** |
| **Вкупна актива** | **37,559** | **26,841** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 16 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 7,370 | 5,149 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,845 | 324 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9,215** | **5,489** |
| **Извори на деловни средства** | | |
| Државен-јавен капитал | 28,344 | 21,352 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **28,344** | **21,352** |
| **Вкупна пасива** | **37,559** | **26,841** |